| **„Јас имам талент”**<br>**„Јас ја сакам музиката”** | Наставник по музичко образование Благица Димчева | Ученици од 6 до 9 одделение | Работа со надарени и талентирани ученици вон наставните часови . При што учениците ги остваруваат и надополнуваат своите желби од областа на музичката уметност. Учество заземаат сите талентирани и надарениученици од 6 до 9 одд.<br>Најчесто тоа се индивидуални часови каде учениците ги усовршуваат своте изведбени активности. Пеење ,Свирење , слушање на музика и музичка писменост. Учествуват на приредби, натпревари при што го потврдуваат својот талент и го претставуваат училиштето. Љубителите на музика групно и индивидуално го развиваат својот посебен интерес и љубов кон музиката (вокална и инструментална) со одење и посета на концерти и на музички сценски дела (опера и балет). | Љубителите на музика групно и индивидуално го развиваат својот посебен интерес и љубов кон музиката (вокална и инструментална) со одење и посета на концерти и на музички сценски дела (опера и балет). | Талентот на овие ученици се идентификува, прати и развива континуирано од најмала возраст во текот на целата учебна година. | Да го применат својот талент и да имаат корист самите а и општеството<br>Да бидат среќни<br>Да бидат задоволни, исполнети, мотивирани<br>Да имаат подобри контакти со соучениците<br>Да ги реализираат желбите и идеите<br>Да бидат здрави личности<br>Да се образуваат соодветно |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Музички и ликовни таленти** | Актив на V одделение | Ученици од V одделение | Сликање – Нашата река со акварел<br>Мелодиски вежби со тоновите сол и ми со примена на ДМИ<br>Сликање – Природата во пролет<br>Слушање народна музика | Да се поттикнува да ракува со различни материјали за сликање<br>Да се приспособи креативно да се изразува<br>Да умее правилно да изведува мелодиски веѓби со тоновите сол и ми | Март | Да се поттикнува да ракува со различни материјали за сликање<br>Да се приспособи креативно да се изразува<br>Да умее правилно да изведува мелодиски веѓби со тоновите сол и ми |
| | | | Изработка на цветни аранжмани<br>Подготовка на кореографија за одбелеѓување на патрониот празник | Усогласувања да движењата со музички карактеристики<br>Да се збогати детското искуство, чувство за ритам и осет за мелодија | Мај | Усогласувања да движењата со музички карактеристики<br>Да се збогати детското искуство, чувство за ритам и осет за мелодија |
| | | | Сликање – Моето искуство од наставата во природа | Креативно изрзување | Јуни | Креативно изразување |

### *9.3. Акции*

Во текот на учебната 2022/23 година организирани се следниве акции:

| Акции | Реализатор | Содржини | Време на реализација | Потребни средства и материјали и извори од кои ќе се добијат |
|---|---|---|---|---|
| Кампања за одбележување на месец на гладта (собирање на парични средства и прехрамбени производи) | Организацијата на ЦК во Училиштето и ученици активисти на ЦК | Поттикнување на чувството за помош и емпатија кон онаа категорија на луѓе кои не се во состојба да имаат нормални услови за живот | Од 17 октомври до 17 ноември 2022 год. | Кутија за донации, флаери, постери |
| Новогодишен базар со хуманитарен карактер | Целото училиште | Успешно ракување со различни материјали и прибор за работа; успешна соработка меѓу учениците, помагање, дружење, разменување на идеи | 15 декември 2022 год. | Рециклиран материјал, хартија, лепак, украсна хартија, боици, текстил, картон, хамери во боја, тегли, чашки, адаптирани новогодишни украси, зимзелени гранчиња |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Учество на Светскиот ден за климатски акции (Climate action day 2022) | Бојана Бачоска заедно со учениците од 6 одделение | Реализирање на еко проект во рамките на Climate action day 2022)<br>-развување на екосвеста кај учениците за климатските промени во Светски рамки | 03.11.2022год. | Претходно изработени работни листови во согласност со зададените еко активности, хартија, боици |
| Одбележување на Меѓународниот ден на планината | Ученици од прво оддеелние и наставници | Подигнување на свеста за важноста на планините и заштита на истите | 11.12.2022 | Блок, фломастери, боици |
| Новогодишен базар со хуманитарен карактер | Целото училиште | Успешно ракување со различни материјали и прибор за работа; успешна соработка меѓу учениците, помагање, дружење, разменување на идеи | 15 декември 2022 год. | Рециклиран материјал, хартија, лепак, украсна хартија, боици, текстил, картон, хамери во боја, тегли, чашки, адаптирани новогодишни украси, зимзелени гранчиња |
| Собирање на стара неупотреблива хартија | Сите наставници | Учесво во кампањата под мотото ,,Донирајте стара хартија-за нова Брајова книга,, организирана од страна на Државното училиште за рехабилитација деца и младинци со оштетен вид,,Димитар Влахов“ | Декември 2022г. | Картонски кутии за складирање на стара хартија |
| Хуманитарна парична донација на учениците за настраданите во земјотресот во Турција и Сируја | Одделенски и предметни наставници, Црвен крст | Развивање на позитивни особини, ематија и хуманост кај учениците | Февруари 2023 | Кутија за донации |
| Хуманитарна парична донација за болен ученик од ООУ Ј.Х. Песталоци | Одделенски и предметни наставници, Црвен крст | Развивање на позитивни особини, ематија и хуманост кај учениците | Март 2023 | Кутија за донации |
| Следење и учество на музички настан Талент Шоу | Училиштето | Развивање на позитивни особини, ематија и хуманост кај учениците | 16.04.2023 | Избор на најталентиран ученик или група и собирање на парични сретства од донации |
| Реализирање на Генералка Викенд 23 | Општина Центар | Учество во пролетна акција под мотот ,,Да се извалкаме и да исчистиме’’ | 12.05.2023 | Ракавици, црни кеси, лопати, гребла |

**Тим за следење на акциите**

| Име и презиме | Позиција |
|---|---|
| Верче Дамјановска | Родител |
| Анка Чоневска | Одделенски наставник |

## *10. Ученичко организирање и учество*

Сите ученици во училиштето ја сочинуваат училишната заедница. Преку свои претставници учествуваа во работата на Наставничкиот совет, Советот на родители и Училишниот одбор. Правата на учениците ги заштитува и брани ученички правобранител кој се избира од редовите на учениците од VI до IX одделение на интерен јавен повик распишан во училиштето. Интересите и мислењата на учениците ги застапува претседател на Ученичкиот парламент кој се избира од редовите на претседателите на заедниците на паралелките.

Преку оваа организација учениците имаат можност да учествуваат во креирањето позитивна клима за работа и учење, градење и негување другарски односи и соработка, како и можност да придонесуваат за нивниот правилен развој и целокупното работење на училиштето. Организациската поставеност почнува од заедницата на учениците во паралелката, па до училишната заедница.

Учениците учествуваат при донесување одлуки за:

- Ученички екскурзии
- Организирање полуматурска забава
- Организирање хепенинзи
- Организирање хуманитарни акции
- Учество во активности за превенција на насилното однесување во училиштето
- Следење на успехот и напредувањето на учениците
- Решавање конфликти.

**Ученички парламент**

Во нашето училиште ученичкиот парламент активно работи и неговите активности се од големо значење за воспитно – образобниот процес кај учениците. Тој ги опфаќа учениците од второ до деветто одделение. Посебно внимание се посветува на потребата од начинот на формирање на ученичките тела на ниво на паралелки како, и на формирањето и функционирањето на парламентот ( користење на Водичот за ученичко учество, ученичко организирање и заштита на детските права во училиштето). Состаноците се одвиваат еднаш во месецот (а по потреба и неколку пати) и на тие состаноци се разгледуваат најразлични прашања во врска со училишниот живот на учениците. Избраните претставници учествуваат во работата на Наставничкиот совет и други тела во училиштето. Ученичкиот парламент овозможува учениците да бидат активно вклучени во училишниот живот, да го искажат своето мислење по демократски пат и да ги решаваат проблемите поврзни со нивниот живот и работата во училиштето.

| Ред. бр. | Дневен ред | Датум на одржување |
|---|---|---|
| 1. | 1.Обраќање на Директорот на училиштето Соња Кирковска до училишниот парламент на првата конститутивна седница<br>2. Претставување на претседателите и разговор за начинот на избор во одделенијата<br>3. Избор на ученички тела во училиштето<br>4. Разно<br>- договор за динамиката на состаноците на училишниот парламент и огласна табла на училишниот парламент | 22.9.2022 |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | 1. Усвојување на записникот  бр.1 од претходниот состанок<br>2. Усвојување на дневниот ред на состанокот<br>3. Реализација на проект и презентација на флаери и постери за заштита на децата  и детските права изработен од страна на Детската фондација -Песталоци<br>4. Напатствија за понатамошни активности во рамките на сопствените одделенија во врска со проектот | 28.10.2022 |
| 3. | 1. Усвојување на записникот бр.2 од претходниот состанок<br>2. Усвојување на дневниот ред на состанокот<br>3. Договор за учество на Детската Квизотека | 21.11.2022 |
| 4. | 1. Усвојување на записникот бр.3 од претходниот состанок<br>2. Усвојување на дневниот ред на состанокот<br>3. Презентација на тема: Техники за успешно учење<br>4. Разно (договор за претстојниот (Новогодишен Хуманитарен Базар) | 5.12.2022 |
| 5. | 1. Усвојување на записникот бр.4 од претходниот состанок<br>2. Усвојување на дневниот ред на состанокот<br>3. Работилница на тема Соработка<br>4. Информација за досегашните активности во рамките на формираниот Клуб за превенција во соработка со МВР во рамките на проектот Безбедност во училиштата<br>5. Разно | 30.01.2023 |
| 6. | 1. Усвојување на записникот бр.5 од претходниот состанок<br>2. Усвојување на дневниот ред на состанокот<br>3. Презентација во рамките на Клуб за превенција во соработка со МВР во рамките на проектот Безбедност во училиштата | 16.02.2023 |
| 7. | 1. Усвојување на записникот бр.6 од претходниот состанок<br>2. Усвојување на дневниот ред на состанокот<br>3. Учество на Детска квизотека во вториот круг на натпревари<br>4. Работилница Сообраќај | 7.03.2023 |
| 8. | 1. Усвојување на записникот бр.7 од претходниот состанок<br>2. Усвојување на дневниот ред на состанокот<br>3. Активности во рамките на формираниот Клуб за превенција во соработка со МВР во рамките на проектот Безбедност во училиштата на тема: Зависности, дрога, алкохол, коцка | 13.04.2023 |
| 9. | 1. Усвојување на записникот бр.8 од претходниот состанок<br>2. Усвојување на дневниот ред на состанокот<br>3. Работилница на тема Булинг-врсничко насилство | 4.05.2023 |

**Детска организација**

| Реализирана грограмска активност | Време на реализација | Реализатор | Методи и постапки за реализација | Исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Свечен прием на првачиња | 01.09.3022 | Одделенски наставници | Училишна приредба | Запознавање и прием на првачиња |
| Посета на Собранието на Република Северна Македонија | 14.09.2022 | Оддленски наставници и ученици од 5 одделение | Запознавање со работата на законодавниот дом, пратениците, службите и историјата на истиот | Продлабочување на знаењата по предметот историја и општество |
| Работилница Моето културно наслетство – Моја сегашност и иднина во Археолошки музеј на РСМ | 29.09.2022 | Оддленски наставници и ученици од 5 одделение | Изработка на ликовни творби | Развивање на креативноста кај учениците |
| Светски ден на детето -Мото ,,Другарството е дел од детската среќа” | 03.10.2022 | Одделенски наставници и класни раководители | Истакнување на одредбите од Конвенцијата за правата на детето | Сите деца имаат еднакви права и на сите треба да им се даде неопходната поддршка и овозможат еднакви можности. |
| Форум театар под мотото: "Не биди насилник, не дискриминирај ,сите имаме свои права" | 03.10.2022 | Учениците од 8-2 и 9-2одд. и класните раководители | Учениците се претставија со Форум театар | Поттикнување на креативноста во изразувањето и уметничко претставување |
| Креативни работилници- Мото ,,Другарството е дел од детската среќа” | 04.10.2022 | Одделенски наставници и ученици | Изработка на ликовни творби | Поттикнување на креативност и разубавување на училишниот хол по повод Детската недела |
| Избор на раководства на ученичкиот парламент | 03-07.10.2022 | Одделенски наставници и ученици | Дискусија,тајно гласање | Правилен избор на членови на предлог на учениците |
| Свечен прием на првачињата во Детската организација | 05.10.2022 | Учениците од I-1 и I-2одд. и одделенските наставници | Првачињата се запознаа со детските права и ја положија заклетвата | Првачиња положија заклетва дека ќе бидат вредни и успешни ученици, ќе ги слушаат наставниците и ќе постигнуваат резултати |
| Читање на детски творби во чест на Светскиот ден на учителот | 05.10.2022 | Одделенски наставници и ученици | Пишување и читање на поетски творби во чест на Светскиот ден на учителот | Чествување на празникот и поттикнување на креативност кај учениците |
| Спортски активности ,,Игри без граници” | 07.10.2022 | Одговорни наставници и ученици | Спортски игри со влечење јаже,спортски полигон | Развивање на спортскиот и натпреварувачки дух,фер игра и прифаќање пораз |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Работилница-РАЗЛИЧНОСТИТЕ СЕ ФАКТ, ИНКЛУЗИЈАТА Е АКТ | 03-07.10.2022 | Образовни асистенти,одговорни наставници и ученици | Изработка на дидактички материјали за поттикување на сензорна стимулација и развој за подобра визуелна, аудитивна и кинестетичка перцепција | Дружење, тимска работа и размена на искуствата за подобар пристап со учениците. Будење на креативноста преку рециклирање на материјалите со кои располагаме во секојдневието. |
| Учество во емисијата ,,Ѕвон" МРТ1 | 18.10.2022 | Ученици од V одд. и одделенски наставници | Учество со музичка изведба и создавање на свои креативни уметнички творби | Промоција на Училиштето во телевизиски медиум, откривање и промовирање на детските способности и таленти |
| Едукативна работилница,,Фамилијата металковци" во Филхармонија | 11.11.2022 | Ученици и одделенски наставници | Претставување на металните дувачки музички инструменти, нивниот звук и класична музика | Поттикнување интерес за слушање на класична музика |
| Одбележување на Светскиот ден на љубезноста | 13.11.2022 | Ученици од I-2 и II-2 одд одделенски наставници | Едукативни текстови и игри | Поттикнување на позитивни емоции, емпатија и љубезност |
| Одбележување на 13 Ноември-Ден на ослободувањето на Скопје | 13.11.2022 | Ученици од I одд и одделенски наставници | Изработка на ликовни творби | Чествување на празникот и развивање на креативноста кај учениците |
| Одбележување на Светскиот ден на толеранција | 16.11.2022 | Ученици од III2 и III1 одд и одделенски наставници | Едукативни текстови и изработка на ликовни творби | Поттикнување толеранција и развивање на креативност кај учениците |
| Работилница ,,Когнитивно мапирање на музиката" | 17.11.2022 | Ученици од IV2 одд, одделенски наставници и студенти од државниот институт по Психологија | Изработка на ликовни творби | Дружење и развивање на креативноста кај учениците |
| Посета на Општина Центар | 25.11.2022 | Учениците од IV-1 и IV-2 одд и одделенски наставници | Запознавање со градоначалникот и неговата работа | Стекнување на нови знаења |
| Проект "Магична интеркултурна пријателска мрежа" | 28.11.2022 | Учениците од II2 одд се вмрежија со учениците од ОШ "Владика Данило" од Црна Гора и одделенски наставници | Индивидуални и заеднички работилници со цел социо емоционален развој кај учениците | Развивање другарство на учениците, навика за нивна меѓусебна соработка, размена на радост, насмевки и задоволства |
| Посета на детскиот музички фестивал ,, Златно славејче" | 05.12.2022 | Ученици и одделенски наставници | Интерактивно учество преку игра и танц | Стекнување културни навики и пристојно однесување |
| Одбележување на Меѓународниот ден на човековите права | 10.12.2022 | Ученици и одделенски наставници | Изработка на ликовни творби | Развивање на креативноста кај учениците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Одбележување на Меѓународен ден на Планината | 11.12.2022 | Ученици од I-1 одд и одделенски наставници | Изработка на ликовни творби | Зголемување на свесноста за важноста на планините и како истите да ги заштитиме;<br>Развивање на креативноста кај учениците |
| Новогодишен хуманитарен базар | 15.12.2022 | Ученици и одделенски наставници | Изработка на новогодишни украси | Успешно ракување со различни материјали и прибор за работа; успешна соработка меѓу учениците, дружење, разменување на идеи |
| Работилница: Народни носии и Настанување на парите | 26.12.2022 | Ученици о IV 1 и IV 2 одд. одделенски наставници и предавачи од Музејот на Македонија | Изработка на ликовни творби | Проширување и продлабочување на стекнатите знаења |
| Работилница за танц во МКЦ | 28.12.2022 | Учениците од II одд и одделенски наставници | Запознавање со елементи на танц | Стекнати вештини за игра и танц и развиени способности за дружење и тимска работа |
| Одбележување на Денот на екологијата - Садење цвеќиња во училиштниот двор | 21.03.2023 | Ученици од одделенска настава | Садење цвеќиња во училишниот двор | Поттикнување на љубов кон природата и цвеќињата, разбирање на важноста на екологијата за животот на човекот |
| Одбележување на 1 Април - Денот на шегата | 31.03.2023 | Ученици од одделенска настава | Учениците маскирани направија дефиле и прошетка во најблиската околина на училиштето | Дружење, забава, шегување и смеа |
| Активности по повод Денот на планетата Земја-Пееме, играме, учиме на тема: ,,Да и помогнеме на нашата планета" | 20.04.2023 | Ученици од одделенска настава | Дискусија, цртање, пеење песнички, чистење на училишен двор, садење и полевање на цвеќиња и изготвување на плакат | Препознавање на загадувачите и поттик да бидеме екологисти |
| Одбележување на 20 Мај,Светскиот ден на пчелата | 22.05.23 | Ученици од одделенска настава | Читање на книга „Приказна за пчелата“, дискусија за истата и изработки | Разбирање на важноста, значењето и потребата од пчелите |
| Одбележување на Меѓународен ден на децата | 01.06.2023 | Ученици од одделенска настава | Следење на видео, дискусија и изработки на тема „Моите права и одговорности“ | Даги знае своите права и обврските кои произлегуваат од нив |
| Реализирана завршна одделенска приредба со тема: „Довидување до следно видување | 13.06.23 | Ученици од одделенска настава | -Ритмичка точка и рецитал<br>-Изработка на ликовни творби тема: лето | Да развиваат рецитаторски и музички вештини, претставување и настап |

## *11. Вонучилишни активности*

### *11.1. Екскурзии, излети и настава во природа*

Во учебната година реализирани се :

- Есенски излет во Градски парк на 27.10. 2022 година со учениците од II-IX одделение. За учениците од прво одделение есенскиот излет беше реализиран во Паркот на музиката.
- Пролетен излет во Село Кучково на 12.06.2023 година со учениците од одделенска настава од I-IV и од предметна настава со ученици од VII и VIII одделение.

- **Настава во природа за ученици од V одделение од 05 – 09.06.2023 година**

Во текот на наставата беа посетени: Градски парк и меморијалниот комплекс „Могилата на непобедените“ - Прилеп, археолошкиот локалитет Хераклеја и Спомен соба на Ќемал Ататурк - Битола, Вевчанските извори, природонаучниот музеј Д-р Никола Незлобински, истекот на реката Црн Дрим, родната куќа на Браќата Миладиновци, мостот и Домот на поезијата - Струга, Наколна населба „Залив на коските“, Комплекс Св.Наум, црквата Св. Софија во Охрид, Антички театар – Охрид, Самуилова тврдина – Охрид, Плаошник – Охрид, Охридската чаршија, Пристаништето и Чинарот, Вруток, Шарена џамија во Тетово.

Во рамките на предвидената програма беа реализирани сите предвидени воспитно-образовни цели. Учениците се запознаа со природното богатство и природните ресурси, настаните и појавите, а наставата во природа потикна позитивни чувства на успешност, самосвест, позитивен однос кон стекнување нови знаења, соработка, дружење преку активен дел од процесот на едукација, другарување, рекреација, прошетки, забава и спортување, воспоставувајќи, развивајќи и негувајќи пријателство. Наставата во природа помогна да се воспостави позитивен однос кон чување на природата, да се запознаат и откријат убавините на татковината, животинскиот и растителниот свет во околината, да се запознаат и прошират знаења за посетените културно-историски споменици, археолошки локалитети и верски објекти, развивајќи позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности.

- **Дводневна екскурзија за ученици од VI одделение од 05.06.2023 до 06.06.2023**

На 5 и 6 јуни 2023г. беше реализирана планираната дводневна екскурзија со учениците од шесто одд. на следната релација Скопје –Гевгелија –Негорци – Кавадарци- Михајлово – Ваташа – Стоби.

Прв ден: Поаѓање од Скопје кон Гевгелија. Посета на градот и Негорски бањи. Пристигнување во одморалиште Михајлово на планината Кожув. Прошетка на учениците во околината до вечера и слободни активности.

Втор ден: Појадок, кратка прошетка, ручек и посета на Спомен куќата на Страшо Пинџур. На враќање кон Скопје посета и разгледување на археолошкиот локалитет Стоби.

Враќањето кон Скопје беше со попатни паузи и пристигнување во 19.30 часот во училишниот двор.

**Воспитно- образовните цели** беа во целост реализирани, односно учениците ги проширија знаењата од предметите: географија, македонски јазик, историја, природни науки;

-Учениците се запознаа со композитната долина на реката Вардар и го посетија археолошкиот локалитет Стоби со кустос кој направи историска ретроспектива на античкиот град. Исто така ја посетија куќата на народниот херој и револуционер Страшо Пинџур и се запознаа со неговиот живот и дело низ слики и објаснувања од кустосот.

**Предвидените задачи на екскурзијата беа успешно реализирани**:

- негување на еколошка свест кај учениците;
- развивање патриотски чувства;
- градење позитивен однос кон културно-историското наследство преку посета на Стоби и спомен-куќата на Страшо Пинџур;
- разгледување и запознавање со природните убавини и посебности на планината Кожув;
- поттикнување и манифесирање на меѓусебно почитување на учениците, другарување, одговорност и грижа за себе и другите.

● **Тридневна екскурзија за ученици од IX одделение од 07.06 до 09.06.2023 година**

**Прв ден** Скопје – Кратово – Пробиштип – Дојран

Поаѓање во 8:30 од училишниот двор

Посетата и разгледувањето на малото градче Кратово беше организирана со локален туристичкиот водич. Наставничката по географија прво ги запозна учениците со геоморфолошките форми на местото и околината. Туристичкиот водич им го раскажа историскиот развој и важноста на Кратово. Учениците беа воодушевени од архитектурата, мостовите и кулите на градчето кое прв пат го посетуваат.

По Кратово следуваше посета на Пробиштип каде учениците го разгледаа градот, паркот и Музејот на ретки минерали. Во овој музеј на учениците вработениот детално им ги објасни секој од изложените експонати.

Патувањето продолжи кон Дојран, при што се изостави посетата на Штип ( според ГП за екскурзии) поради подолгото задржување во претходните градови по желба на учениците.

Со паузи при патувањето во доцните попладневни паузи учениците беа сместени во хотелот ПОЛИН. До времето за вечера наставниците со своите ученици прошетаа по брегот на Дојранското Езеро. Учениците беа запознати со настанокот на езерото и легендите за Дојран.

Вечерта учениците ја поминаа со дружење, играње кошарка и фудбал на игралиштето во близина на хотелот.

**Втор ден** Дојран – Колешински водопади – Струмица

По појадокот, патување до селото Колешино во подножјето на Беласица. До Колешинските водопади учениците пешачеа, поради што се задржаа два часа, се одморија, сликаа и ручаа. На враќање кон автобусот го разгледаа и селото Колешино.

По кратко патување низ струмичката котлина прашуваа и научија за оранжериите и пластениците кои ги гледаа по пат. Во Струмица го разгледаа центарот на градот и градскиот парк, при што беа запознати со поважните податоци за градот.

Вечерта во Дојран, по вечерата им беше организирана забава во блиското кафуле.

**Трет ден** Дојран – Бања Негорци – Скопје

По појадокот учениците спортуваа на блиското игралиште за фудбал , кошарка и одбојка на плажа.

По ручекот патувањето продолжи кон Негорски Бањи. Поради топлото време престојот во бањата Негорци беше подолго време од предвиденото во интерес на учениците при што беше искористено за дружење и спорт.

Враќањето кон Скопје беше со попатни паузи и пристигнување во 19.30 часот во училишниот двор.

**Цели на тридневната екскурзија:**

1.Проширување на знаењата стекнати за време на деветгодишното образование преку непосредно запознавање на појавите и односите во природата и општествената средина;
2.Развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
3.Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во различни краеви на државата;
4.Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности;
5.Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење;
6.Подобрување на социјализацијата;
7.Меѓусебно разбирање и толеранција.

## *12. Натпревари за учениците*

Натпреварите за учениците се закажани за второто полугодие од учебната година по повеќе предмети.

* Спортски натпревари во рамките на Спортскиот ден од последниот ден од Детската недела (12.10.2022) во организација на Општина Центар

| Реализирана програмска активност | Реализатор | Време на реализација | Исходи и ефекти |
|---|---|---|---|
| Училишен натпревар по математика | Наставник по математика | 24.01.2023 | Развивање на натпреварувачкиот дух |
| Општински натпревар по математика | СММ - Сојуз на математичари на Македонија | 04.02.2023 | Лична афирмација на учениците и афирмација на училиштето |
| Регионален натпревар по математика | СММ - Сојуз на математичари на Македонија | 04.03.2023 | Лична афирмација на учениците и афирмација на училиштето |
| Училишен натпревар по германски јазик | Наставник по германски јазик | 19.02.2023 | Развивање на натпреварувачкиот дух |
| Општински натпревар по природни науки | МБД | 10.03.2023 | Лична афирмација на учениците и афирмација на училиштето |
| Општински натпревар по биологија | МБД | 10.03.2023 | Лична афирмација на учениците и афирмација на училиштето |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Натпревар во шах | Шаховска федерација и секторот за спорт од Општина Центар | 17.03.2023 | Развивање на натпреварувачкиот дух и љубовта кон шахот |
| Општински натпревар во шах | Шаховска федерација и секторот за спорт од Општина Центар во | 22.03.2023 | Развивање на натпреварувачкиот дух и љубовта кон шахот со ученици од друго училиште |
| Атлетски крос | | 06.04.2023 | Развивање на натпреварувачкиот дух |
| Регионален натпревар по биологија | МБД | 7.04.2023 | Лична афирмација на учениците и афирмација на училиштето |
| Регионален натпревар по природни науки | МБД | 10.04.2023 | Лична афирмација на учениците и афирмација на училиштето |
| Регионален натпревар по германски јазик | Здружение на наставници по германски јазик | 12.04.2023 | Лична афирмација на учениците и афирмација на училиштето |
| Учество на Детска Квизотека | Педагог во соработка со ДКЦ Карпош | 7.03, 14.04 2023 | Проширување и продлабочување на стекнатите знаења<br>Развивање на натпреварувачки дух,фер игра и прифаќање пораз |
| Меѓународно тестирање ТИМСС по природни науки и математика | ДИЦ | 24.04.2023 | Примена на стекнатите знаења |
| Регионален натпревар за вокални способности | ЗМПРМ-Здружение на музичари и педагози на Република Македонија | 25.04.2023 | Лична афирмација на учениците и афирмација на училиштето |
| Учество на Меѓународен ликовен, литературен и рецитаторски конкурс “32 Чакавска вечер“ | ОШ Бијачи, Каштел Нови, Хрватска и Агенција за развој на образование и наставник по ликовно образование | Месец мај | Развивање на креативноста кај учениците |
| Државен натпревар по математика | СММ - Сојуз на математичари на Македонија | 14.05.2023 | Лична афирмација на учениците и афирмација на училиштето |
| Државен натпревар по биологија | МБД | 20.05.2023 | Лична афирмација на учениците и афирмација на училиштето |
| Општински натпревар по Прва Помош | ОО Црвен Крст Центар | 20.05.2023 | Примена на стекнатите знаења |
| Државен натпревар по германски јазик | Здружение на наставници по германски јазик | 27.05.2023 | Лична афирмација на учениците и афирмација на училиштето |
| Државен натпревар на вокална интерпретација | ЗМПРМ-Здружение на музичари и педагози на Република Македонија | 06.05.2023 | Лична афирмација на учениците и афирмација на училиштето |
| Македонска математичка олимпијада | СММ - Сојуз на математичари на Македонија | 9.06.2023 | Лична афирмација на учениците и афирмација на училиштето |
| Државен натпревар по природни науки | МБД | 10.06.2023 | Лична афирмација на учениците и афирмација на училиштето |

**Освоени награди на натпреварите:**

| ПРИРОДНИ НАУКИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Име и презиме | Одделение | Општински натпревар (освоено место) | Регионален натпревар (освоено место) | Државен натпревар (освоено место) |
| Ирина Грујоска | 4 одд. | 2 место | 2 место | 3 место |
| Јана Крстевска | 4 одд. | 2 место | 3 место | / |
| Бисера Попоска | 4 одд. | 2 место | 2 место | / |
| Алина Садиковиќ | 4 одд. | 3 место | 3 место | / |
| Војдан Киранџиски | 4 одд. | 3 место | 3 место | / |
| Евгенија Јакимовска | 5 одд. | 2 место | 3 место | / |
| Јана Ѓеорѓиевска | 5 одд. | 3 место | 3 место | / |
| Марко Покрајчевски | 5 одд. | 3 место | 3 место | / |
| Пононика Хаџи-Стефанова | 5 одд. | 3 место | 3 место | / |
| **БИОЛОГИЈА** | | | | |
| Име и презиме | Одделение | Општински натпревар (освоено место) | Регионален натпревар (освоено место) | Државен натпревар (освоено место) |
| Марко Пиперевски | 7одд. | 1 место | 2 место | учество |
| Бојана Змејковска | 7одд. | 3 место | пофалница | / |
| Ена Рахиќ | 7 одд. | Пофалница | 3 место | / |
| Филипа Грујоска | 7одд. | 1 место | 2 место | учество |
| Леона Јорданова | 8 одд. | 3 место | 3 место | / |
| Јоанис Ковацис | 8 одд. | 3 место | пофалница | / |
| Ана-Марија Трифуновска | 8 одд. | 3 место | / | / |
| **АНГЛИСКИ ЈАЗИК** | | | | |
| Име и презиме | Одделение | Општински натпревар (освоено место) | Регионален натпревар (освоено место) | Државен натпревар (освоено место) |
| Петар Гиговски | 9 одд. | 2 место | 1 место | / |
| Дариа Дуровиќ | 5 одд. | 3 место | 2 место | / |
| **МАТЕМАТИКА** | | | | |
| Име и презиме | Одделение | Училишен натпревар (освоено место) | Општински натпревар (освоено место) | Регионален натпревар (освоено место) |
| Војдан Киранџиски | 4 одд. | учество | 2 место | Пофалница |
| Христијан Крстевски | 4 одд. | учество | 2 место | Пофалница |
| Хана Шаќировиќ | 4 одд. | учество | Пофалница | учество |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Борис Павлов | 4 одд. | учество | 2 место | / |
| Ѓорѓи Дејанов | 4 одд. | учество | 3 место | учество |
| Виктор Кукоски | 5 одд. | учество | Пофалница | / |
| Ведран Илиевски | 5 одд. | учество | Пофалница | / |
| Паноника Хаџи Стефанова | 5 одд. | учество | Пофалница | Пофалница |
| Леон Макаровски | 5 одд. | учество | учество | / |
| Хавва Нур Чалишкан | 5 одд. | учество | Пофалница | / |
| Алмин Калач | 5 одд. | учество | 3 место | учество |
| Матеј Аризанкоски | 5 одд. | учество | учество | / |
| Никола Ингилизов | 5 одд. | учество | учество | / |
| Марко Покрајчевски | 5 одд. | учество | 3 место | Пофалница |
| Дариа Дуровиќ | 5 одд. | учество | учество | / |
| Надија Рамчиловиќ | 5 одд. | учество | учество | / |
| Евгенија Јакимовска | 5 одд. | учество | учество | / |
| Илина Павлевска | 6 одд. | учество | учество | / |
| Јована Велјановска | 6 одд. | учество | учество | / |
| Ена Рахиќ | 7 одд. | учество | 3 место | 1 место |
| Филип Трифуновски | 8 одд. | учество | учество | / |
| Ана Марија Трифуновска | 8 одд. | учество | 1 место | 2 место |
| Онур Едип | 9 одд. | учество | учество | / |
| Петар Григоровски | 9 одд. | учество | учество | / |
| **МАКЕДОНСКА МАТЕМАТИЧКА ОЛИМПИЈАДА** | | | | |
| Ученичката Ана Марија Трифуновска доби пофалница за учество на ова натпреварување. | | | | |
| **ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК** | | | | |
| Учениците учествуваа на училишен, регионален и државен натпревар по германски јазик. | | | | |
| **МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| Име и презиме | Одделение | Училишен натпревар (освоено место) | Регионален натпревар (освоено место) | Државен натпревар (освоено место) |
| Филипа Грујоска | 8 одд. | / | 1 место | 3 место |

**Учениците беа наградени од страна на училиштето со книга. Вкупно беа доделени 73 книги (26 книги во одделенска и 47 книги во предметна настава).**

### *13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција*

Училишниот тим одговорен за реализација на активностите од проектот МИО е во состав:
Соња Кирковска –директор на училиштето
Драган Станојковски – предметен наставник
Даниела Крстевска – одделенски наставник
Биљана Стојановска – одделенски наставник
Татјана Павловска- Деспотовска – специјален едукатор и рехабилитатор
Сара Бајрам-претседател на ученички парламент

Во насока на меѓусебно запознавање на учениците од различни етнички групи, со цел развивање почит и однос кон различностите се реализира проектот за меѓуетничка интеграција во образованието.

| Реализирана програмска активност | Реализатор | Време на реализација | Форми на работа и ресурси | Исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Аналитичко следење на активностите на WEB страната на ПМИО | Училишен тим за МИО | Септември | WEB страната на ПМИО | Сознавање на новите содржински аспекти на ПМИО<br>Информирање на наставниците за текот на проектот ( МИО ) |
| Професионална информираност на наставниците за МИО активности | Училишен тим за МИО | Септември | Стручна презентација, соработка со партнерските училишта во контекст на МИО | Професионален развој, насочување на наставниците за квалитетно водење на МИО активности |
| Апликација за грант до МОН за развој и унапредување на мултикултурализмот и меѓуетничката интеграција итолеранција | Училишни тимови за МИО, педагошка служба и директори од двете училишта | 9.12.2022 | Пополнување на апликација | Добивање на грант за реализација на планираното |
| Велигденска работилница - Изработка на оригами за Велигден | Учениците и наставници од активот на II одделение | 12.04.2023 | Реализирана работилница | Ги наведува и опишува семејните празници и начинот на нивно прославување<br>Изработени велигденски оригами |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| „Празнувања во мојот дом’’- верски празник Велигден | Ученици и наставници од активот на I одделение | 13.04.2023 | Реализирана работилница | Учениците ги научија различните обичаи во семејството за време на празнувањето на Велигден;<br>-научија песничка<br>-изработуваа велигденски украси и јајца од хартија и глина,<br>- Направија изложба на училишното пано |
| Сметачка машина -Гаусов алгоритам . Преку математички алгоритам да се определи датумот на празнување на Велигден и Бајрам, како се слави кај нас и во земјите од англиско и германско јазично подрачје, правење споредба со нашата традиција, а преку музика и драматизација запознавање со обредните ритуали во нашата земја. | Наставници: Жанета Шумкоска, Маја Јакимовска, Елизабета Христовска, Кети Христовска, Благица Димчева<br><br>Гостин-наставник Камила Ериксон од партнер училиште од Данска поврзано со Еразмус проектот „Надгледување на часови по математика, етика на религии, македонски јазик, англиски јазик, физичко образование, одделенска настава, германски јазик, музичко образование“ – еднонеделна посета<br>Бр. 2021-1-DK01-KA121-SCH-000009687 | 16.4-19.4.2023 | Реализирани работилници<br><br>Отворен час (корелација – математика, етика во религии, македонски јазик, англиски јазик, германски јазик, музичко образование, фолклор и традиција) | Размена на добри практики и набљудување на часови<br>Учесникот Камила Ериксон и нашето училиштето реализираа активност – учење преку мобилност |
| Одбележување на празникот Бајрам - Изработка на билборд | Ученици и наставници од активот на II одделение | 19.04.2023 | Реализирана работилница | Ги наведува и опишува семејните празници и начинот на нивно прославување<br>Изработен е билборд по повод празникот Бајрам |
| Да го запознаеме празникот на нашите другарчиња - Рамазан Бајрам | Ученици и наставници од активот на I одделение | 20.04.2023 | Реализирана работилница | Учениците ги научија различните обичаи во семејството за време на празнувањето на Бајрам;<br>-научија песничка<br>-изработуваа симболи за празникот Бајрам<br>- Направија изложба на училишното пано; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Активност предвидена со добиениот грант од МОН – „Писмо за емпатија“ | Учениците од II одделение од ООУ „Св. Кирил и Методиј“ и ООУ „Лирија“ - Скопје, и одделенските наставници Биљана Стојановска и Ганимете Реџепи | 23.5.2023<br>29.5.2023<br>31.5.2023 | Реализирани работилници | Воспоставување интерперсонална комуникација со ученици од различна етничка заедница и негување и продлабочување на меѓусебното пријателство.<br>Напишани писма за емпатија<br>Изработена двојазична е-книга |
| ОЖВ работилници | 3 одделение<br>Јас и другите – општествени односи – почитување на другите *И различните можат да се дружат*<br>Јас и ти – Интерперсонални односи *Роденденот на Орхан*<br>Градење на чувство за општа-цивилизациска припадност *Да го запознаеме светот*<br>Почитување на другите (недискриминација) *Направи свој отпечаток*<br>Јас и околината – однос кон надворешната средина *Ја разубавуваме училницата* – новогодишни празници | септември<br>октомври<br>февруари<br>април | Реализирани работилници<br>Реализирани работилници<br>Реализирани работилници<br>Реализирани работилници<br>Реализирани работилници | Учениците прифаќаат дека постоењето на разлики меѓу луѓето во поглед на физичкиот изглед и способностите не треба да биде основа за меѓусебно подвојување<br>Учениците прифаќаат еднаков однос кон другите без разлика на сличностите и разликите<br>Учениците ја прифаќаат припадноста на светската човечка заедница и да сфатат дека Земјата е заеднички дом на сите луѓе кои живеат на неа<br>Учениците умеат да покажат почит кон разликите меѓу луѓето<br>Учениците сфаќаат дека сите подеднакво може да учествуваат во разубавување на училницата |

## *14. Проекти кои се реализираат во основното училиштето*

### 1. Инклузија на деца со посебни образовни потреби (ПОП)

Координатор на проектот:Татјана Павловска- Деспотовска

| Реализирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Исходи и ефекти |
|---|---|---|---|
| 1. Добивање на поддршка од страна на лични едукатори за работа со ученици со ПОП | Во текот на целата година | Здружение за асистивна технологија ,,Отворете ги прозорците”<br><br>Детска Фондација Песталоци<br><br>Директор<br>Психолог | -Јакнење на капацитетите на наставниците за спроведување на процесот наинклузија и подобро справување со предизвиците;<br><br>- Поттикнување за поддршка на социјално ранливите семејства на учениците со ПОП;<br><br>-Истакнување на соодветните можности за надминување на предизвиците за време на наставата;<br><br>- Следење на напредокот на учениците со посебни образовнипотреби;<br><br>-Стекнување на нови знаења<br>- Спроведување на стратегии за потикнување на врсничко почитување и справување со булинг |
| 2. Менторски средби со цел поддршка во работата со учениците со ПОП, потешкотии во учењето и ученици од социјално депривирани средини | | | |
| 3. Идентификација на ученици со ПОП кои потекнуваат од социјално-депривирана средина и социо-емоционални потешкотии | | | |
| 4. Учество на ,,Информативна сесија за наставници во паралелка со ученици со ПОП“ | | | |
| 5. Евидентирање на напредокот од проектните активности | | Педагог<br>Специјален рехабилитатори едукатор<br>Наставници Ученици | |
| Обука за координаторот и наставниците на тема: ,,Заштита на детските права’’ | | | |
| 7. Работилница со претставниците од одделенијата (претседателите по паралелки) на Училишниот парламент на тема ,,Заштита на децата и детските права“ | | | |
| 8. Работилница со одделенските наставници на одделенските часови на тема ,,Заштита на децата и детските права“ | | | -Детектирање на вербалните и невербалните недоразбирања меѓу учениците во паралелките и справување со нив |
| 9. Евидентирање на успехот, способностите и можностите на учениците со ПОП преку користење на асистивната технологија | | | -Анализирање на успешноста од спроведување на активностите со техники од алтернативна и аугментативна комуникација |
| 10. Следење и евидентирање на успехот на учениците при примена на едукативниот софтвер за време на индивидуалната работа со специјалниот едукатор и рехабилитатор | | | -Стекнување со нови знаења на учениците преку најсоодветен пристап со игра според сопствените можности и капацитети ; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 11. Обука за координаторот од училиштето и наставници на тема:<br>,,Градење партнерство со родителите и вклучување на родовата перспектива во училишните активности’’ | | | - Стекнување со нови знаења на наставниците и координаторот од училиштето; |
| 12. Спроведување на техники за работа и стимулирање на развојот на говорот со асистивни софтверски игри при вербална или невербална комуникација со учениците | | | -Справување со предизвиците од говорниот развој кај учениците и надминување на потешкотиите при комуникација преку употреба на софтверска апликација; |
| 13. Работилница за ,,Поттикнување на полова рамноправност кај учениците’’ | | | -Поттикнување за почитување на правата и рамноправноста во училиштето; |
| 14. Работилница за ,,Почитување на правата и разликите по сите основи“ | | | -Поттик за почитување на разлики кај сите ученици од различен вид; |
| 15. Реализирање на активности преку фокус групи со наставници и ученици за имплементирање на стекнатите знаења од обуките за Детски права, Интеркултурно учење и Универзален дизајн во соработка со Здружението за асистивна технологија ,,Отворете ги прозорците“ | | | - Подигнување на инклузивната врсничка свесност<br>-Стимулирање на учениците за меѓусебна толеранција и разбирање; |
| 17. Работилница под мото ,,Различни, а сепак исти’’ со учениците/претставници од ОУРЦ ,,Д-р Златан Сремац’’- Скопје и нашите учениците од четврто и осмо одделение | | | -Детектирање на потребите за поттик на развојот на учениците според своите можности и интереси од примената на софтерските игри и соодветната технологија; |
| 18. Следење на ефектите на учениците со посебни образовни потреби од примената на асистивната технологија и стимулативните софтверски игри ,,Show me”  и ,,About number” | | | -Обезбедување на материјални средства наменети за дидактички помагала/ реквизити/ сензорни материјали за доопремување на сензорна соба; |
| 19.Самопроценка на моменталната состојба на инклузивност на училиштето | | | -Истакнување на бенифитот од имплементација на проектот |
| 20. Изготвување на позитивна приказна од реализирањето на проектот ,,Инклузија на деца со ПОП’’ и ,,Заштита на детските права’’ | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 23. Јавна дебата и панел дискусија на тема ,,Учиме да вклучиме'' со претставници од бизнис заедницата, локалната самоуправа и национални институции | 19 Декември 2022 | Претставници од ООУ<br>Претставници од ОУРЦ<br>Граѓански организации<br>Сервисни служби за деца со ПОП<br>Центри за социјална работа<br>Бизнис заедница, Родители<br>Претставници одСекторот за јавни дејности на Општина Центар | -Споделување на искуствата, потребите, предизвиците и постигнувањата од првата (тригодишна) фаза од проектот<br>-Информирање за заложбите на локалната заедница и добрата меѓусебна соработка во инклузивниот процес; |
| 24. Инклузивна работилница под мото ,,Новогодишни желби'' со учениците/претставници од ОУРЦ ,,Д-р Златан Сремац''- Скопје и нашите учениците од VII¹, VII² и IX³ одделение | 23.12.2022 | ОУРЦ,,Д-р Златан Сремец"<br>Училиштето<br>Образовни асистенти<br>Специјален едукатор | -Стимулирање на учениците за меѓусебно разбирање, поттикнување за прифаќање на попреченостите во развојот на децата. |

**2. Интеркултурна вртелешка II и III одд.**

| Реализирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Исходи и ефекти |
|---|---|---|---|
| Запознавање на учениците со нови обичаи,култури и традиции од различни земји низ целиот свет преку различни активностии работилници | Ноември 2022год. до мај 2023 год | Нела Слезенкова Никовска, Симона Пецова<br>Данче Гиговска, Гордана Букревска<br>Биљана Стојановска, Вера Петровска | Да ги прошират видиците, да создадатсопствен поглед на светот, да развијат способност на сочувство со другите (отстранување на предрасуди), да равиваат отворен и толерантен дух, да се ориентираат на картата на светот |

**3.Мали, но чудесни роботчиња I, II и Vодд. E - Twinning проект ROBY-Robotic versus Bullying Училиште на 21-ви век**

| Реализирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Исходи и ефекти |
|---|---|---|---|
| Средба за новиот концепт заа медиумска писменост во основните училишта | 15.02.2023 | УСАИД,БРО | Педагог | Промовирање на новиот концепт за медиумска писменост и натамошни активности |
| Иднина на СТЕМ образованието на национално ниво: идни чекори | 17-18.02.2023 | Центар за иновации и дигитална едукација ДИГ-ЕД ,МОН БРО | Наставници | Зајакнување на професионалните компетенции за Стем можности |
| Обука:Наши ученици у свету критичког мишљења и медијске писмености | 20.02.2023 | Завод за унапређивање образовања и васпитања Република Србија | Педагог | Зајакнување на професионалните компетенции |
| Вебинар: научени лекции и идни чекори | 22.02.2023 | Центар за иновации и дигитална едукација ДИГ-ЕД | Наставници | Нови и различни алатки и техники за реализација на Стем наставата |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Едукативен настан како дел од Еразмус + проектот The A-class integrating and suppoting students with autism in the mainstream classroom | 24.02.2023 | Здружение Сина светулка | Психолог, образовен едукатор и рехабилитатор и предметен наставник | Зајакнување на професионалните компетенции |
| Едуино вебинар: Нови медиуми и социјални мрежи | 28.03.2023 | БРО<br>Предавач: Сеад Џигал | Наставници | Зајакнување на професионалните компетенции |
| Дигитализација и инклузивно образование: никој да не заостане во дигитална ера-ДигИн | 7.04.2023 | Digin-Erazmus | Наставници | Зајакнување на професионалните компетенции |
| Едукативни активности за прва помош во основните училишта | 08.04.2023 (сабота) | ДХО Даре Џамбаз | Група на наставници од одделенска настава | Стекнување вештини за давање прва помош |
| 2023 STEM Discovery Campaing | 01.02.-30.04.2023 | Scientix<br>European Schoolnet Academy | Наставници | Нови и различни алатки и техники за реализација на Стем наставата |
| Вебинар – Креирање на ресурси со помош на AI | 03.05.2023 | Предавач Игор Богдановски | Наставници | Нови и различни алатки и техники со користење на AI ChaatBod |
| Онлајн обука: Time to Seed A Future | 10.05.2023 | Scientix<br>European Schoolnet Academy | Наставници | Различни образовни медодологии за стимулирање на вештини за аналитичко и критичко размислување на учениците, компетенции за соработка, комуникација и активно учество |
| Учество во фокус група The Seer Focus Group,The Discuss on Leadership and STEAM | 24.05.2023 | Scientix<br>European Schoolnet Academy | Наставници | Учење на кодирање кај учениците за развивање на вештини: Решавање проблеми, аналитичко размислување, расудување и креативност |
| Онлајн обука Games in Schools 2023 | 31.05.2023 | European Schoolnet Academy | Наставници | Нови и различни алатки за користење на игри во наставата |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Работилница за психосоцијална поддршка на менталното здравје и добросостојба на децата и возрасните во ситуација на криза | 17.05.2023 | МОН | Педагог | Зајакнување на професионалните компетенции |
| Вовед во педагошки пристапи | 17.05.2023 | Едуино | Наставници | Зајакнување на професионалните компетенции |
| Иновации и претприемништво | 2.06.2023 | БРО | Наставници | Зајакнување на професионалните компетенции |
| Нова концепција за основно образование – Наставен план и програма за 4 одделение | 19.06.2023 | БРО | Наставници | Стекнати знаења и вештини за имплементација на новата наставна програма за четврто одделение |
| Обука на стручните соработници на тема: Професионална ориентација на учениците:Зајакнување на учениците преку самопознавање и советување за кариерен развој | 21.06.2023 | БРО | Психолог | Целосна поддршка во реализацијата и примена на обуката во наставниот процес Постигнување на резултати во наставниот процес |
| Учење преку истражување, работа на проекти и решавање проблеми | 21-22.06.2023 | БРО | Наставници | Зајакнување на професионалните компетенции |
| Професионална соработка на наставниците ( Стручни активи, заедници за учење, менторство и слично) | 29-30.06.2023 | БРО | Наставници | Зајакнување на професионалните компетенции |
| Инклузивно образование во пракса | 28.06.2023 | БРО | Специјален едукатор | Зајакнување на професионалните компетенции |

* Благодарница за постигнат успех при реализација на воспитно-образовните активности, особено за време на Ковид 19 пандемијата за одделенскиот наставник Биљана Стојановска од Општина Центар и Градоначалник Горан Герасимовски.

* Општина Центар по повод празникот  Св. Кирил и Методиј на наставничките Вера Петровска и Бојана Бачоска им додели награди за најдобри наставнички во учебната 2022/2023 година.

### *20.3. Личен професионален развој*

Секој од вработените има изработено личен план за професионален развој за сопственото напредување во текот на годината, според кои планови, училишниот тим за професионален развој  го следи професионалниот развој  во училиштето.

### 20.4. Хоризонтално учење

Планираните различни видови на организирање и пренесување на знаењата или размена на професионално искуство, се реализираа преку активите, со организирање на отворени часови, стручни собири, работилници и сл.

### 20.5. Кариерен развој на воспитно образовниот кадар

Училиштето е вклучено во процесот на кариерен развој на воспитно –образовниот кадар кој се одвива во три дела односно фази. Првиот дел е посветен на приправничкиот период, вториот дел се однесува на периодот каде наставникот/стручниот соработик работи самостојно и третиот дел каде што напредува во звање наставник/стручен соработник ментор и наставник/стручен соработник советник.

Како поддршка во кариерниот развој училиштето има за цел да го олесни снаоѓањето во училишниот живот и да понуди практични совети и иновативни идеи. Образовниот кадар се запозна со стандардите за наставник/ стручен соработник –ментори и наставник /стручен соработник советник низ 6 подрачја и тоа :

Знаење за наставниот предмет и воспитно-образовниот систем;

Поучување и учење;

Создавање стимулативна средина за учење;

Социјална и оразовна инклузија;

Комуникација и соработка со семејството и заедницата;

Професионален развој и професионалана соработка

## 21.Вклученост на семејствата во училиштето

### 21.1. Во животот и работата научилиштето

Соработката со родителите се остварува преку заеднички и индивидуални родителски средби, разговори со можност за вклучување на родителите во различни аспекти од училишниот живот како и Советот на родители. Советот на родители е формиран од по еден претставник од секое одделение кој што го избираат родителите на родителски состанок на паралелката. Советот на родители ги извршува следните активности:-дава мислење за предлог програмата за развој на основното училиште, -расправа за извештајот за работа на училиштето, -предлага програми за подобрување на стандардите за наставата, -дава согласност на предлозите на директорот за воведување на повисоки стандарди, -избира претставници во Училишниот одбор на основното училиште и врши други работи утврдени со Статутот на училиштето.

Работата на Советот на родители вклучува и активности поврзани со развој и имплементација на проекти што ќе придонесат за подобрување на училишната инфраструктура и воопшто, подобрување на материјално-техничките услови за реализација наставни и вонаставни активности. Во овој поглед, потребно е да се формира мешовит тим составен од претставници на Советот, училишната администрација и наставниците.

Советот на родители изготвува програма, со чија реализација се овозможува организирано остварување на интересите на учениците во училиштето. Овој совет ќе заседава најмалку два пати во полугодие по претходно утврден дневен ред. Претседател на Советот на родители е Верче Дамјановска.

## *21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и вонанаставните активности*

Карактеристики на децата и давање помош за насочување на нивниотразвој;

Советизарешавањенаразвојниидругипроблемикајучениците кои се последица на дисфункционални семејни односи;

Советодавна – инструктивна работа со родители чии деца имаат тешкотииво развојот;

Давање помош во благовремено откривањена надарени деца и укажување наможностизапоттикнувањеинасочувањенанивниотразвој;

Педагошко – психолошка едукација народителите.

Училиштето има постојано добра соработка со родителите, но таа треба да биде посуштинска односно поголема и конкретна вклученост на родителите во активности кои ќе го подобрат воспитно – образовниот процес во училиштето**.**

## *21.3. Едукација на родителите и старателите*

На почетокот на учебната година се изработи брошура за родители која беше поставена на веб страницата на училиштето и кодексите на однесување, куќниот ред , со цел родителите да бидат што повеќе информирани за работата на училиштето.

| Реализирани активности | Носители на активноста | Време на реазлизација | Финансиски средства |
|---|---|---|---|
| Изработка на брошура за родители | Тим за изработка на брошура | Август 2022 | / |

## *22. Јавна и културна дејност на училиштето*

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Исходи и ефекти |
|---|---|---|---|
| Организирање свечена приредба по повод првиот училишен ден за првачиња | Септември | Наставниците од I одделение | Развој на позитивна училишна клима и срдечно добредојде за првачињата |
| Одбележување на 8 Септември ден на независностана РМ | Септември | Одговорни наставници и ученици | Продлабочување на знаењата од националната историја |
| Учиме и пееме со Биби | 16.09.2022 | Одговорни наставници и ученици | Поттикнување на интерес за слушање и пеење детски песни |
| Одбележување на Европскиот ден на јазиците | 26.9.2022 | Одговорни наставници и ученици | Развивање на интерес кон јазиците |
| Учество на манифестација Европски денови на културно наслетство 2022 – Тема Одржливо наслетство | Септември | Археолошки музеј на РСМ | Афирмација на наставните и културните дејности на нашето училиште |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Одбележување на светскиот ден на учителот | Октомври | Одговорни наставници | Одбележување на оваа благородна професија |
| Одбележување на Детска недела | Октомври | Одговорни наставници и ученици | Развивање позитивни карактерни особини |
| Организирање свечена приредба по повод прием на првачиња во ДО | Октомври | Одговорни наставници | Развој на чувство за припадност во ДО |
| Одбележување на 11 Октомври | Октомври | Одговорен наставник Ненад Наневски | Развој на чувство за почит кон личности од минатото и историјата на македонскиот народ |
| Посета на театарска претстава за Горан Стефановски во МНТ | 31.10.2022 | Одговорни наставници | Развивање на интерес кон уметноста |
| Посета на кино Милениум<br>Патот кон месечината | 31.10.2022 | Одговорни наставници | Развивање на интерес кон уметноста |
| Одбележување на 13 ноември –ден на ослободување на Скопје | Ноември | Одговорни наставници<br>Марија Варадинска –Алексова и Ирена Пановска Тодороска | Развој на чувство за почит кон личности од минатото и историјата на македонскиот народ |
| Одбележување на Светскиот  денот на љубезноста | 13.11.2022 | Одговорни наставници | Едукативни текстови и игри |
| Одбележување на Светскиот ден на толеранција | 16.11.2022 | Одговорни наставници и одделенска настава | Слончето Елмер раскажува за посебноста,единственоста и различноста |
| Посета на фестивалот Златно Славејче | 5.12.2022 | Одговорни наставниции одделенска настава | Развивање на интерес кон музиката |
| Посета на инклузивен театар Еурека | 5.12.2022 | Одговорни наставници | Развивање на интерес кон уметноста, развивање позитивни карактерни особини |
| Одбележување на 8 Декември  ден на Св. Климент Охридски | Декември | Одговорни наставници | Развој на чувство за почит кон личности од минатото и историјата на македонскиот народ |
| Одбележување на Меѓународниот ден на човековите права – ликовни творби и изложба во МКЦ | 8.12.2022 | Одговорни наставници и ученици | Подигање на свеста за важноста на државјанството како човеково право и стекнување културни навики |
| Изложба по повод Меѓународниот ден на човекови права | Декември | Одговорни наставници<br>и одделенска настава УНХЦР | Развивање позитивни карактерни особини<br>Развивање на интерес кон уметноста |
| Новогодишен базар од хуманитарен карактер | 15.12.2022год | Одговорни наставници и ученици | Развој на позитивно расположение по повод Нова година и собирање финансиски средства за потребите на учениците во социјален ризик од нашето училиште |
| Посета на НОБ, гледање на балетска претстава “Оревокршачка,, од Петар Илич Чајковски | 29.12.2023 | Наставник по музичко ибразование и ученици од IX одделение | Едукација на учениците за вредноста на оперското пеење |
| Работилница по повод Недела на информатиката и Денот за побезбеден интернет:Барометар на чувства и Декодирање на безбеден интернет | 6.02.2023 | Одговорни наставници и ученици | Поттикнување на позитивна примена на интернетот |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Посета на НОБ, гледање на оперска претстава ,,Боеми" од Џакомо Пучини | 24.02.2023 | Наставник по музичко ибразование и ученици од VII, VIII и IX одделение | Едукација на учениците за вредноста на оперското пеење |
| Посета на Кино Милениум – Макс и бесната дружина, германски детски филм | 23.02.2023 | Наставници и ученици од одделенска настава | Поттикнување и интерес за следење на детски филмови |
| Посета на НОВ, гледање на балетска претстава ,,Жизел" од Адолф Адам | 02.03.2023 | Наставник по музичко ибразование и ученици од предметна настава | Негување на љубовта кон балетската уметност |
| Симфониски концерт за деца при Македонска Филхармонија со наслов A zoo calles Earth | 17.03.2023 | Наставници и ученици од одделенска настава | Поттикнување на свест за заштита и одговорност кон планетата Земја |
| Едукативна посета на Македонската Филхармонија | 08.03.2023 | Ученици од предметна настава и наставник по музичко образование | Учениците да се запознаат со класичните музички инструменти, симфониски оркестар, оркестарски диригент и солист |
| 100 години Ацо Шопов | 14.03.2023 | Француски институт и Општина Центар | Одбележување на 100 годишнината на македонскиот поет Ацо Шопов |
| Настап на Илин Силјановски во придружба на училишниот хор, песна Македонија | 23.03.2023 | Наставник по музичко ибразование | Одбележување на патрониот празник на училиштето |
| Посета на Археолошки музеј | 28.03.2023 | Ученици од предметна настава и наставник по историја | Запознавање со историското минато |
| Музички настап на нашите ученици со Теа Трајковска на отварање на Просветно дело | 26.05.2023 | Наставници и ученици од одделенска настава | Поттикнати позитивни емоции, развивње на талентите на децата |
| Едукативни активности под наслов Лавиринт на уметноста | Мај | Национална галерија Даут Пашин Амам | Афирмација на наставните и културните дејности на нашето училиште |
| Настан Ајде заедно на ЕКО пикник – Вкусете ја македонската традиционална храна | Мај | Училиштето | Афирмација на наставните и културните дејности на нашето училиште |
| Посета на Холокауст | 01.06.2023 | Ученици од предметна настава и наставник по историја | Запознавање со историското минато |

## *23. Соработка со локална средина и локална заедница*

Училиштето не е изолирано од неговото опкружување, па затоа постојано учествува во активностите на локалната заедница. Училиштето ги отсликува културните вредности на локалната заедница, тие се видливи и се дел од училиштето. Училиштето постојано ги унапредува организициските вештини, да го препознае локалниот контекст во кој се наоѓа училиштето и да се промовира на тој начин. Подрачјето за соработка со локалната самоуправа е основа за воспоставување на врска помеѓу претставници од локалната самоуправа и училиштето. Основна цел на оваа соработка е да се идентификуваат прашања и проблеми од заеднички домен.

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Исходи и ефекти |
|---|---|---|---|
| Соработка со средни училишта | Континуирано | Стручна служба | Сознание за запишани ученици и информација за запишување |
| Соработка со факултетите Американ Колеџ , Институт за специјална едукација и рехабилитација (Филозофски факултет) , Катедра за германски јазик (Филолошки факултет) | Континуирано | Стручна служба, наставници | Менторство на студенти (психолози, германисти, специјални едукатори и рехабилитатори)) и приправници |
| Соработка со Општина Центар | Континуирано | Училиштето и ОЦ | Заеднички активности |
| Соработка со Државен  завод за статистика | Септември/октомври 2022 | Училиштето и Заводот | Статистички извештаи за крајот и почеток на новата учебна година |
| Соработка со Здружение Сојуз за грижи и воспитување на децата на град Скопје | Континуирано | Училиштето и Здружение совет за грижи и воспитување на децата на град Скопје | Заеднички активности |
| Соработка со Центар за социјална работа | Континуирано | Училиштето и Центарот | Информации за ученици |
| Соработка со издавачки куќи | Континуирано | Училиштето и издавачките куќи | Заеднички активности |
| Соработка со Здравствен Дом Битпазар | Континуирано | Училиштето и здравствениот дом | Заеднички активности |
| Соработка со Црвен крст | Континуирано | Училиштето и Црвен крст | Заеднички активности |
| Соработка со Здружение за асистивна технологија ,,Отворете ги прозорците“ | Континуирано | Педагошко-псхолошка служба и Здружението | Заеднички активности |
| Соработка со Детска фондација Песталоци | Континуирано | Педагошко-псхолошка служба и Фондацијата | Заеднички активности |
| Соработка со Бирото за развој на образование | Континуирано | Педагог и психолог | Известувања |
| Соработка со МОН | Континуирано | Училиштето | Известувања |
| Соработка со невладини организации | Континуирано | Училиштето и НВО | Заедничка соработка, работилници, хуманитарни акции |
| Соработка со ДПИ | Континуирано | Училиштето и ДПИ | Известувања |
| Соработка со НУ Археолошки музеј | 29.9.2022 | Училиштето и музејот | Работилница:Моето културно наследство одржано во склопот на Европски денови на културното наследство на тема: Одржливо наследство |
| Соработка со НЛБ и Пакомак | Континуирано | Училиштето и НЛБ и Пакомак | Собирање на пластични шишиња |
| Работилница : I belong (Јас припаѓам)кампања на ОН и УНХЦР со Македонско здружение на млади правници | 17.10.2022 | Училиштето, педагог и психолог и ДКЦ | Посета на Планетариум и заеднички активности со ученици и деца без државјанство во ДКЦ |
| Предавање на тема: Деца /лица без државјанство | 21.10.2022 | Македонско здружение на млади правници и училиштето | Запознавање на учениците со темата |
| Соработка со НЛБ Банка | 21.10.2022 | Училиштето и НЛБ Банка | Заедничка работилница |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Соработка со Филхармонија | 11.11.2022 | Одделенски наставници, I одделение и Филхармонија | Едукативни работилници:Фамилијата Металковци (цртежи,вежби,проекции, предавања,музички игри, запознавање со музичките инструменти) |
| Соработка со Институтот по психологија | 17.11.2022 | Одделенски наставници, IV одделение и институтот | Креативна работилница: Когнитивно мапирање на музиката |
| Посета на Општина Центар | 26.11.2022 | Училиштето и Општина Центар со ученици од IV одделение | Реализација на активности согласно наставната програма на тема: Градоначалник и Општина |
| Соработка со Детски културен центар Карпош | 22.11.2022 | Детски културен центар Карпош и училиштето | Учество на ученичка квизотека |
| Презентација на тема : Со велосипед и електричен тротинет низ Центар соработка со НВО Култи ватор | 16.12.2022 | НВО Култи ватор, Општина Центар и училиштето и ученици од деветто одделение | Безбедност и правила во сообраќајот |
| Народни носии и настанување на парите | 26.12.2022 | Одделенски наставници со IV одделение и музејот | Работилница со предавачи од Музејот на Македонија |
| Соработка со МКЦ | 28.12.2022 | Одделенска настава | Посета на Планетариум,работилница за танц и ликовна работилница |
| Посета на НУБ Св.Климент Охридски | 29.12.2022 | Одделенски наставници со V одделение и библиотеката | Архивирање , чување и складирање на книгите |

## *24. Комуникација со јавноста и промоција на училиштето*

***Медиуми***

| Реализирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Содржини на објавување | Очекувани исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Посета на Претседателот на Р.С. Македонија-Стево Пендаровски на првиот училишен ден | 1.9.2022 год. | МРТВ, Сител и училиштето | Содржини од програмата на приредбата | Промоција на училиштето |
| Едукативен настан со Турскиот Центар Yunus Emre Enstitusu-Скопје и Светот на Биби | 16.9.2022 | Турска Национална телевизија МРТВ 2 | Активности поврзани со турскиот јазик и култура | Промоција на училиштето и мултикултурализмот |
| Учество на Ѕвон | 20.10.2022 | МРТВ, училиштето | Гостување во студио | Промоција на училиштето |
| Денови на медиумска писменост | 1.11.2022 | МРТВ | Трибини , работилници за деца за разбирање на содржина на филм | Промоција на училиштето |
| Благосостојба кај возрасни и деца | 22.11.2022 | МРТВ и психолог Иван Христов | Гостување во студио | Промоција на училиштето |
| Вклученост на училиштето во ХБСЦ Студијата и актуелни активности | 13.12.2022 | МРТВ , Директор на училиштето Соња Кирковска и психолог | Гостување во училиштето во живо | Промоција на училиштето |
| Учество на училишна контактна емисија Ѕвон | 25.05.2023 | МРТВ, училиштето | Гостување во студио | Промоција на училиштето |

***25. Комисија за изработка на Годишен извештај за работата на основното училиште***

Директор –Соња Кирковска

Педагог – Маја Ѓ.Затуроска

Психолог – Сања Шутиноска

Специјален едукатор и рехабилитатор– Татјана Павловска-Деспотовска

26. Користена литература

Развоен план на ООУ„ Св.Кирил и Методиј“

Самоевалуација на ООУ„ Св.Кирил и Методиј „

Годишна програма за работа на училиштето во учебната 2022/2023 година

Статут на ООУ„Св.Кирил и Методиј “

Извештај од интегралната евалвација на ООУ„ Св.Кирил и Методиј “

Закон за основно образование (Службен весник на РСМ , бр.161 од 05.08.2019 година) .

Закон за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта (Службен весник на РСМ бр.161 од 05.08.2019 година).

Закон за работни односи

Закон за јавни набавки (Службен весник на РСМбр.24/19)

Наставник од почетник од ментор -Водич за професионален и кариерен развој на наставниците во основните и средните училишта , Македонски центар за граѓанско општество (МЦГО) Скопје, 2016 година

Стручен соработик од почетник до ментор - Водич за професионален и кариерен развој на стручните соработници во основните и средните училишта, Македонски центар за граѓанско општество (МЦГО) Скопје, 2016 година

Националната програма за развој на образованието во РСМакедонија

Законот за организација и работа на органите на државната управа

Датум 29.06.2023

Скопје 2023 год

Потпис на Директорот на ООУ

Потпис на Претседател на училишен одбор

## *ПРИЛОЗИ ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ*

### *Прилог бр. 1: Работа на Директорот Соња Кирковска*

Работата на директорот беше насочена кон организирање на севкупната работа на училиштето во организација и реализација на воспитно-образовната и стручната работа на училиштето. Како орган на раководење ги спроведуваше насоките и одлуките што ги донесуваа органите на управување (Училишен одбор, Стручни органи, Наставнички и Одделенски совет, одделенски раководители, Стручни активи). Поставените цели и задачи беа остварувани во согласност на Законските нормативи и Годишната програма за работа на училиштето, која беше појдовна основа за успешна реализација на севкупните планирања. Во дадените прегледи на програмските содржини и активности по подрачја покрај наведените задачи, се реализираа и оние задачи кои не можат да се предвидат со изработка на оваа програма, а во даден момент беа актуелни.

| ПРОГРАМСКА СОДРЖИНА | ДИНАМИКА НА РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|
| Предвидени и одржани наставнички совети и учество во изработка на проекти во училиштето | континуирано |
| Изработен годишен план за работа на училиштето | континуирано |
| Согледување на кадровските ресурси, утврдување кадровски политики | континуирано |
| Утврден финански план на училиштето за 23 година | декември 2022 |
| Утврдување организациска работа во училиштето (изработка на распоред за сите видови на настава во училиштето) и организација на одредени служби (доделени задачи на секретарот на училиштето, посебна организација на работата на техничкиот персонал, распоред на работа, странки, ученици...) | континуирано |
| Изработка на сите раководни места во училиштето, начин на следење и вреднување на работата | континуирано |
| Учество во проектирање, изработка и дефинирање информативен систем на податоци во функција на ефикасно работење во училиштето | континуирано |
| Формирање тимови и комисии | континуирано |
| Планирани и реализирани посети на часови со изготвени формулари за следење на часот | континуирано |
| Следење на оперативните планови за работа на наставникот | континуирано |
| Следење и вреднување на проекти кои се реализираат во училиштето | континуирано |
| Анализа на користење современи дидактички средства во наставата | континуирано |
| Следење и анализа на реализацијата на годишната програма | континуирано |
| Воспоставување и одржување јасен систем на комуникација во училиштето и средината | континуирано |
| Следење на осипувањето и градење стратегија за негово намалување во училиштето | континуирано |
| Презентирање на годишните планирања пред органите и телата на училиштето и пред локалната заедница | континуирано |
| Планирање и реализација на соработка со други училишта од земјава и странство | континуирано |
| Соработка со стручните служби од Министерство за образование и наука, БРО, комунална и инспекциска служба | континуирано |
| Соработка со локалната самоуправа (Ден на општина, училишен спорт, хуманитарни акции, еколошки активности и др. | континуирано |
| Реализирани активности за правилно насочување на учениците во соработка со МОН | континуирано |
| Следење на интеграција на еколошките програми и МИО | континуирано |
| Планирање и спроведување на интерно оценување (формирани комисии) | континуирано |
| Соработка со ученичките организации (Детска недела, хуманитарни акции...) | континуирано |
| Укажување педагошко-инструктивна помош во фазите на подготовка на наставата (набавка на дидактички материјали, примена на современи средства ИКТ..) | континуирано |
| Следење на реализација на програма за работа со талентирани ученици и ученици со посебни потреби | континуирано |
| Пронаоѓање можни извори на дополнително финансирање и дополнителни средства за училиштето | континуирано |
| Следење на постапките за реализирање на јавните набавки согласно законот | континуирано |

*Прилог бр. 2: Работа на педагог Маја Ѓорчевска-Затуроска Годишен извештај за работа на педагогот*

| | |
|---|---|
| I | Работа со ученици |
| II | Работа со наставници |
| III | Работа со родители |
| IV | Соработка со заедницата |
| V | Професионален развој и професионална соработка |
| VI | Аналитичко - истражувачка работа |
| VII | Училишна структура, организација и култура |

| **Подрачје I: Работа со ученици** | | |
|---|---|---|
| **Потподрачје: Поддршка на учениците во учењето** | | |
| **Активности** | **Време за реализација** | **Соработници** |
| Планирање работа во работилници со учениците;<br>Индивидуално или групно подучување на учениците на техниките за учење;<br>Подготвување, приспособување, предлагање и применување соодветни стратегии за поучување;<br>Учество во приспособување наставни содржини за конкретни ученици согласно нивните потреби и можности. | Континуирано | Психолог<br>Наставници |
| **Потподрачје: Следење и поддршка на развојот на учениците** | | |
| **Активности** | **Време за реализација** | **Соработници** |
| Идентификување и користење стратегии за справување со кризни состојби на учениците или нивно несоодветно однесување;;<br>Поддршка во организација и реализација на воннаставните активности на учениците во училиштето;<br>Решавање на воспитни ситуации со примена на современи модели за педагошко водење;<br>Планирање, организирање и реализирање на превентивни работилници (болести, независност, психотропни супстанци) | Континуирано | Директор<br>Тимови<br>Наставници<br>Психолог |

| **Подрачје II: Работа со наставници** |
|---|
| **Потподрачје: Поддршка на наставниците за планирање и реализирање на воспитно – образовниот процес и самоевалуацијата** |

| **Активности** | **Време за реализација** | **Соработници** |
|---|---|---|
| Давање на стручна помош во подготовката и реализацијата на наставата;<br>Помош на наставниците во изготвување на инструменти за вреднување и самовреднување на постигањата на учениците;;<br>Промовирање на иновативни приоди во наставата<br>Поддршка на наставниците при самовреднувањето. | Континуирано | Наставници<br>Директор<br>Психолог |
| Потподрачје: Поддршка на наставниците за работа со учениците | | |
| Активности | Време за реализација | Соработници |
| Идентификација на надарени ученици;<br>Примена на соодветни методи во работата со ученици со различни лични карактеристики;<br>Демонстрирање на различни приоди во учењето кои ќе им помогнат на учениците во учењето. | Континуирано | Наставници<br>Дефектолог<br>Психолог |
| ПодрачјеIII : Работа со родители | | |
| Потподрачје: Индивидуални и групни советувања и консултации со родителите | | |
| Активности | Време за реализација | Соработници |
| Поддршка на родителите во работата со деца со посебни образовни потреби;;<br>Користење на различни методи за индивидуални и групни советувања на родители | Континуирано | Психолог<br>Родители |
| ПодрачјеIV: Соработка со заедницата | | |
| Потподрачје: Соработка со локалната заедница | | |
| Активности | Време за реализација | Соработници |
| Остварување на контакти со соодветни фирми во кои може да се реализира истражувачка настава;<br>Остварување на контакти со средни училишта за информирање на учениците за нивното понатамошно образование | Континуирано | Локална заедница<br>Ученици<br>Наставници<br>Психолог |
| Подрачје V:Професионален развој и професионална соработка | | |
| Потподрачје: Поддршка на професионалниот развој и соработката во училиштето | | |
| Активности | Време за реализација | Соработници |
| Учество во изготвување на програмата за работа на наставниците – приправници;<br>Водење документација за професионална ориентација на воспитно-образовниот кадар;<br>Упатување на наставниците во основните професионални компетенции. | Континуирано | Наставници<br>Наставници - приправници |
| Подрачје VI:Аналитичко - истражувачка работа | | |
| Потподрачје: Истражување на воспитно – образовната работа | | |
| Активности | Време за реализација | Соработници |
| Спроведување на акциско истражување за подобрување на наставата;<br>Учество во акциски истражувања;<br>Интерпретација на сознанијата од акциското истражување и предлагање на наредни активности. | Второ полугодие | Директор<br>Наставници<br>Психолог<br>Ученици |
| Подрачје VII:Училишна структура, организација и култура | | |

| Потподтачје: Училишна структура и организација | | |
|---|---|---|
| Активности | Време за реализација | Соработници |
| Користење на инструменти за следење на наставата;<br>Интерпретација на добиените сознанија;<br>Примена на нови стратегии за подобрување на наставата;<br>Следење на педагошка документација и евиденција;<br>Учество во формирање на паралелки;<br>Работа со училишниот парламент;<br>Водење евиденција на опфат на ученици. | Континуирано | Ученици<br>Наставници |

***Прилог бр. 3: Работа на психолог Сања Шутиноска Величковиќ***

| | | |
|---|---|---|
| **I** | **Работа со ученици** | |
| **II** | **Работа со наставници** | |
| **III** | **Работа со родители** | |
| **IV** | **Соработка со заедницата** | |
| **V** | **Професионален развој и професионална соработка** | |
| **VI** | **Аналитичко - истражувачка работа** | |
| **VII** | **Училишна структура, организација и клима** | |
| **Подрачје I: Работа со ученици** | | |
| Потподрачје: Поддршка на учениците во учењето | | |
| Активности | Време за реализација | Соработници |
| Примена на техники и стратегии за проценка и поттикнување на когнитивниот развој;<br>Примена на техники за советување;<br>Планирање работа во психолошки работилници со учениците. | Континуирано | Педагог<br>Ученици |
| Потподрачје: Следење и поддршка на развојот на учениците | | |
| Активности | Време за реализација | Соработници |
| Идентификување и соодветно реагирање на кризни состојби на ученици;<br>Користење потврдени техники и стратегии за проценка и подобрување на социо-емоционалното функционирање на учениците и нивното здравје;<br>Планирање, организирање и реализирање на превентивни работилници (болести, независност, психотропни супстанци). | Континуирано | Тимови<br>Ученици<br>Педагог |

| **Потподрачје: Професионална и кариерна ориентација на учениците** | | |
|---|---|---|
| Активности | Време за реализација | Соработници |
| Примена на тестови за професионални интереси;<br>Примена на тестови за општи и посебни способности;<br>Презентирање на добиените информации на учениците. | Април | Педагог<br>Ученици |
| Подрачје II: Работа со наставници | | |
| Потподрачје: Поддршка на наставниците за планирање и реализирање на воспитно – образовниот процес и самоевалуацијата | | |
| Активности | Време за реализација | Соработници |
| Помош во подготовка и реализација на интерактивна настава;<br>Помош во изготвување на инструменти за вреднување и самовреднување на постигањата на учениците;<br>Психометриска анализа на тестови на знаења. | Континуирано | Педагог |
| Потподрачје: Поддршка на наставниците за работа со учениците | | |
| Активности | Време за реализација | Соработници |
| Идентификација на надарени ученици и работа со истите;<br>Работа со ученици со различни лични карактеристики;<br>Демонстрирање на различни приоди во учењето кои ќе им помогнат на учениците во учењето. | Континуирано | Наставници<br>Дефектолог<br>Педагог |

| **ПодрачјеIII : Работа со родители** | | |
|---|---|---|
| Потподрачје: Индивидуални и групни советувања и консултации со родителите | | |
| Активности | Време за реализација | Соработници |
| Поддршка на родители во работа со деца со ПОП;<br>Организирање и спроведување на индивидуални и групни советувања со родители чии деца се соочуваат со неуспех во учењето, несоодветно однесување и нередовно посетување на настава. | Континуирано | Педагог<br>Родители |
| Потподрачје: Вклучување на родителите во животот и работата на училиштето | | |
| Активности | Време за реализација | Соработници |
| Соработка со семејството за превенција и спречување на негативно влијание на средината врз младите. | Континуирано | Педагог<br>Директор<br>Родители |
| ПодрачјеIV: Соработка со заедницата | | |
| Потподрачје: Соработка со локалната заедница | | |
| Активности | Време за реализација | Соработници |
| Остварување на контакти со соодветни фирми во кои може да се реализира истражувачка настава;<br>Остварување на контакти со средни училишта за информирање на учениците за нивното понатамошно образование. | Континуирано | Локална заедница<br>Ученици<br>Наставници<br>Педагог |

| **Подрачје V:Професионален развој и професионална соработка** | | |
|---|---|---|
| Потподрачје: Поддршка на професионалниот развој и соработката во училиштето | | |
| Активности | Време за реализација | Соработници |
| Учество во изготвување на програмата за работа на наставниците – приправници;<br>Водење документација за професионална ориентација на воспитно-образовниот кадар;<br>Упатување на наставниците во основните професионални компетенции. | Континуирано | Наставници<br>Наставници - приправници |
| Подрачје VI:Аналитичко - истражувачка работа | | |
| Потподрачје: Истражување на воспитно – образовната работа | | |
| Активности | Време за реализација | Соработници |
| Користење на тестови за личност и тестови за знаење;<br>Спроведување на акциско истражување;<br>Учество во акциски истражувања;<br>Интерпретација на сознанијата од акциското истражување и предлагање на наредни активности. | Второ полугодие | Директор<br>Наставници<br>Педагог<br>Ученици |
| Подрачје VII:Училишна структура, организација и клима | | |
| Потподтачје: Училишна структура и организација | | |
| Активности | Време за реализација | Соработници |
| Користење на инструменти за следење и интерпрентација на добиените сознанија од следениот час ;<br>Користење на психодијагностички инструменти. | Континуирано | Педагог<br>Наставници |

| **Потподрачје: Училишна клима, безбедна средина и демократско учење** | | |
|---|---|---|
| Активности | Време за реализација | Соработници |
| Користење механизми, техники и стратегии за кризни интервенции во училиштето;<br>Користење на вештини за разрешување на конфликти;<br>Обезбедување на соодветна помош и психоцоцијална и емоционална подршка на учениците при закани или загрозување на здравјето. | Континуирано | Педагог |

### *Прилог бр. 4:Работа на специјален едукатор и рехабилитатор: Татјана Павловска-Деспотовска*

| | |
|---|---|
| **I** | **Работа со ученици** |
| **II** | **Работа со наставници** |
| **III** | **Работа со родители** |
| **IV** | **Соработка со заедницата** |
| **V** | **Професионален развој и професионална соработка** |
| **VI** | **Аналитичко истражувачка работа** |
| **VII** | **Училишна структура, организација и клима** |

| Подрачје I: Работа со ученици | | |
|---|---|---|
| Потподрајче: Поддршкана учениците во учењето | | |
| Активности | Време за реализација | Соработници |
| 1. Примена на соодветни методи, техники и стратегии за детектирање и проценување на образовните потреби според карактеристиките и можностите на учениците со посебни образовни потреби(ПОП);<br>2. Следење на напредокот на учениците со ПОП и учениците со потешкотии во учењето;<br>3. Определување и давање поддршка на учениците согласно нивните образовни потреби и обезбедување асистенција од лични или образовни асистенти за време на наставата според насоките на Стручното тело на МКФ;<br>4. Координирање во изработката на ИОП;<br>5. Непосредна помош во учењето на учениците со ПОП;<br>6. Приспособување на поддршката според сознанијата од следењето на напредокот;<br>7. Диференцијација и индивидуализација за обезбедување на подобар престап до наставните содржини. | Континуирано | Стручни соработници<br><br>Наставници |
| Потподрачје: Следење и поддршка на развојот на учениците | | |
| Активности | Време за реализација | Соработници |
| 1. Следење на ефектите од ИОП и Модифицирана наставна програма;<br>2. Учество во ревизијата на ИОП и Модифицирана наставна програма;<br>3. Утврдување на потребата за дополнителни сервиси и услуги за поддршка;<br>4. Синтетизирање и интерпретирање на добиени податоци од сите членови на инклузивниот тим и вклучување на релевантни институции кои нудат сервиси и услуги;<br>5. Координација и вклучување на надворешни стручни соработници во организацијата и давањето на поддршка на ученикот; | Континуирано | УИТ<br>ИТУ-тимови<br>Ученици<br>Наставници |
| Подрачје II:Работа со наставници | | |
| Потподрачје: Поддршка на наставниците за планирање и реализирање на воспитно-образовниот процес | | |
| Активности | Време за реализација | Соработници |
| 1. Насочување за избор на соодветни методи, техники и средства за работа соодветни на видот на ПОП, поставените цели во ИОП/ Модифицирана наставна програма и стилот на учење на ученикот;<br>2. Стручна поддршка на наставниците при избор/изработка на инструменти за оценување на знаењата на учениците со ПОП;<br>3. Насочување за спроведување на неопходни модификации и адаптации во наставата и просторот на ученикот, за максимално постигнување,учествување и вклучување во воспитно-образовните активности;<br>4. Групни и индивидуални консултации за документирање на постигнувањата на учениците со ПОП. | Континуирано | Ученици<br>Наставници<br>УИТ<br>ИТУ |

| | | |
|---|---|---|
| Потподрачје: Поддршка на наставниците за работа со учениците | | |
| Активности | Време за реализација | Соработници |
| 1. Стручна поддршка за идентификување на учениците со ПОП;<br>2. Советување и стратегии за подобар пристап и стратегии за работа соодветни на способностите на учениците;<br>3. Насока за правење на функционална процена на моменталното ниво на развој и следењето на напредокот на ученикот;<br>4. Подобрување на капацитетите на наставниците за препознавање на карактеристиките на учениците со ПОП. | Континуирано | Стручни соработници<br>Наставници |
| Подрачје III:Работа со родители | | |
| Потподрачје: Индивидуални и групни советувања и консултации со родителите | | |
| Активности | Време за реализација | Соработници |
| 1. Примена на соодветни начини за поддршка;<br>2. Ефективно советување според специфичностите на проблемот или потешкотиите на учениците со ПОП за разбирање и прифаќање на степенот на можностите во совладување на наставата;<br>3. Информирање на родителите за подобро разбирање на состојбата на детето;<br>4. Запознавање со правата, обврските и бенефитите за детето при посетување на релевантни институции за помош, поддршка или рехабилитација на неговата состојба;<br>5. Насочување преку соодветни инструкции за примена на соодветни методи при работа во домашни услови со ученикот;<br>6. Реализирање на индивидуални консултации за подобра поддршка на родителите и учениците со ПОП. | Континуирано | Директор<br>Стручни соработници<br>Родители |
| Подрачје IV: Соработка со заедницата | | |
| Потподрачје: Соработка со локалната заедница | | |
| Активности | Време за реализација | Соработници |
| 1.Соработка со МОН и БРО<br>2. Соработка со ОУРЦ ,,Индина''-Скопје<br>3. Стручно тело на МКФ<br>4. Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори<br>5. Општина Центар<br>6. ЈЗУ ЗМЗ ,,Младост''<br>7. УКИМ/ФЗФ/Институт за специјална едукација и рехабилитација | Континуирано | Локална заедница<br>Стручни соработници<br>Наставници<br>Ученици |
| Подрачје V: Професионален развој и професионална соработка | | |
| Активности | Време на реализација | Соработници |
| 1. Изготвување личен план за професионален развој; | Септември | Стручна служба |

| | | |
|---|---|---|
